*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УпІБр. 18/25-2*
*14.07.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**
Детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01, Општина Штип

Границите на опфатот се движат по:

- На север границата се протега по осовината на станбена улица Лески
- На исток границата се протега по осовината на станбена улица Антон Панов
- На запад границата се протега по осовината на магистрална улица Партизанска
- На југ границата се протега по осовината на сервисна улица Крушевска Република

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 1,57 ха.

Јавната анкета и јавната презентација Детален урбанистички план за дел од блок СИ 02.01, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 ден од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 30 јули 2025 (среда) до 29 август 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14 август (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*